ТРГОВСКО ДРУШТВО

Makotex

ЕКСПОРТ - ИМПОРТ АД СКОПЈЕ

Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговски друштва (Сл. Весник на РМ бр. 28/2004), член 34 од Статутот на Трговското друштво МАКОТЕКС експорт-импорт АД Скопје, Одборот на директори на ТД Макотекс експорт-импорт АД Скопје, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

За свикување на Собрание на акционерското друштво

Собранието ќе се одржи на 28.06.2012 (четврток), со почеток во 13 часот, во просториите на ТД Макотекс АД Скопје, на ул. Никола Парапунов бр. 41, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

Процедурален дел

1. Пријавување и евиденција за присуство на Собранието.
2. Избор на Верификациона комисија.
3. Избор на Претседавач на Собранието.
4. Избор на записничар и заверувачи на записникот.
5. Извештај за верификација на акционери-учесници на Собранието.

Работен дел

1. Предлог-Годишен извештај за работата на друштвото за 2011 година.
2. Предлог-Годишна сметка (Финансиски извештај) на друштвото за 2011 година.
3. Предлог-Одлука за покривање на загуба на друштвото.
4. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и на водењето на работењето со друштвото за 2011 година.
5. Предлог-Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори поради завршување на мандат.
6. Предлог-Одлука за избор на членови на Одбор на директори.
7. Избор на овластен ревизор, за ревизија на годишна сметка на друштвото за 2012 година.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.
Секој акционер може да овласти свој полномошник, за што е должен да го извести друштвото по писмен пат. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник, се достапни во архивата на друштвото и на интернет страна на друштвото www.makotex.com.mk.
Собранието одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на друштвото.
Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Подетални информации за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози и прашања може да се најдат во архивата на друштвото и на интернет страна на друштвото www.makotex.com.mk.
Материјалите за Собранието на друштвото им се достапни на акционерите од денот на објавување на овој повик, секој работен ден од 08 до 16 часот, во просториите на друштвото и на интернет страната на друштвото www.makotex.com.mk.
На денот на објава на Јавниот повик, друштвото има издадено 94.063 акции, од кои со право на глас 82.817.

ТД Макотекс АД Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

1000 Скопје, Република Македонија
Карпош 4: ул. Никола Парапунов бр.41, ☎ 3238-927
E-mail:makotex@mt.net.mk